РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1608/2
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-тата седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1608/1 од 31.03.2026 година, со наводи за сомневање за преземање на незаконски дејствија од страна на /// вработен во Основниот суд ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за правда.

Предметот со број 12-1608/1 од 31.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 31.03.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за преземање на незаконски дејствија од страна на /// вработен во Основниот суд /// и оформен е предмет број 12-1608/1 од 31.03.2026 година.

Во пријавата подносителот наведува дека службеното лице ///, /// вработен во Основниот суд ///, во отсуство на подносителот на пријавата, за време на неговиот привремен престој во ///, презел службени дејствија на неговиот имот, иако до подносителот на пријавата не било доставено известување за постапка пред надлежен орган и не било доставено известување за преземање на службени дејствија. Следствено, подносителот на пријавата се сомнева дека службеното лице /// сторило злоупотреба на службената положба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување. Имајќи го предвид членот 126 од Законот за судска служба, ДКСК оцени дека во пријавата се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата